# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРОМЕНА НА ДДВ СТАПКА ЗА ГОРИВА ОД 18% НА 10%

Попис на затекнатите количини се врши со 23.03.2026 година на состојба во 00.00 часот, се корегира со сторно вредноста на залихата и вкалкулираниот ДДВ за износот од 8% (намалената ДДВ стапка) со книжење:

(6630) - Стоки во продавница
(6640) - Вкалкулиран ДДВ на стоки

***Прилог Одлука:***

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ПРИМЕНА НА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА

### Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиот период на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на кризна состојба поради можност за настанување на пореметувања на снабдувањето со нафта и нафтени деривати на населението.

### Член 2

(1) Енергентите за кои се применува повластената стапка на данокот на додадена вредност од 10% се распоредени во следниве тарифни броеви / подброеви / ознаки / глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 2710124500 | Со октански број ( RON) од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2. | 2710124900 | Со октански број ( RON) од 98 или поголем |
| 3. | 2710194200 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса |
| 4. | 2710194400 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса: Друго |
| 5. | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0,002% по маса |
| 6. | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0.002% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 7. | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 8. | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 9. | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0.1% по маса |
| 10. | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 00:01 часот на 24 март 2026 година до 24:00 часот на 6 април 2026 година.